CRPM Center for Research and Policy Making
... policy impact since 2004

HCPP

UN WOMEN
United Nations Entity for Gender Equality and the Empowerment of Women

# РОДОВО-БУЏЕТСКА АНАЛИЗА НА ПРОГРАМАТА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ ЗА 2016 ГОДИНА




Автори:
**Савка Тодоровска, Гордана Несторовска, Наташа Амдију, др. Зорица Салтировска**

Партнерска организација:
**Национален совет за родова рамноправност**

Ментори:
Др. **Марија Ристеска**
М-р **Емил Шурков**
М-р **Ристе Јуруковски**



Чувар(к)и на јавно ќесе за родово одговорен буџет е активност која се спроведува во рамките на проектот „Промоција на родово одговорни политики во Југоисточна Европа и Република Молдавија (2013-2016)„ на UN Women финансиран од Австриската развојна агенција и Швајцарската агенција за соработка и развој. Активноста ја спроведува Центарот за истражување и креирање политики Консалтинг – ЦИКП Консалтинг ДОО Скопје и партнерските организации.

# РОДОВО-БУЏЕТСКА АНАЛИЗА НА ПРОГРАМАТА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ ЗА 2016 ГОДИНА


Автори:
**Савка Тодоровска, Гордана Несторовска, Наташа Амдију, др. Зорица Салтировска**
Партнерска организација:
**Национален совет за родова рамноправност**

Ментори:
Др. **Марија Ристеска**
М-р **Емил Шурков**
М-р **Ристе Јуруковски**



"Содржината на оваа публикација е одговорност на авторите и таа во никој случај не ги одразува ставовите на UN Women, Австриската развојна агенција, Швајцарската агенција за соработка и развој, и ЦИКП Консалтинг ДОО"

# Содржина


1. Вовед ........ 4
2. Методологија ........ 5
А. Канцелариско истражување: ........ 6
Б. Теренско истражување ........ 6
3. Институционален контекст и рамка на јавни политики ........ 7
4. Опис на конкретната политика(ки) ........ 8
А. Превентивна заштита ........ 8
Б. Парична помош и обезбедување ........ 9
В. Детската заштита ........ 9
5. Опфат, корисници, чинители ........ 10
6. Буџетска анализа ........ 11
7. Добри примери и практики ........ 14
8. Заклучок и препораки ........ 15
9. Литература ........ 18
10. Анекси ........ 18


# Листа на табели


**Табела 1** - Структура на население по пол ........ 4
**Табела 2** - Структура на население по етничка припадност ........ 4
**Табела 3** - Структура на население според степен на образование ........ 5
**Табела 4** – Проекција на буџетот на општината за 2016 година ........ 9
**Табела 5** - Потребни парични средства за реализација на предвидените активности (Во денари) ........ 10
**Табела 6** - Корисници на социјална парична помош, по пол, по региони, во 2014 година ........ 11
**Табела 7** - Активности кои се споменуваат во извештајот но се покриени од други ставки во буџетот ........ 11
**Табела 8** - Реализација на активности кои се споменуваат во програмата: ........ 11
**Табела 9** - Еднократна парична помош - распределбата по пол и старосна граница ........ 12




## 1. Вовед

Општина Ѓорче Петров е една од десетте општини на градот Скопје оддалечена 5 километри од центарот на градот и се наоѓа на северозападната страна во Скопската котлина, меѓу реките: Вардар, Лепенец и Треска. Општината има и урбанистички и рурален дел и во неа влегуваат населените места: Грачани, Кучково, Никиштане, Орман, Волково и Ново Село.

Според пописот од 2002 година, Општина Ѓорче Петров има 41634 жители, зафаќа површина од 6.693 ха (вклучувајќи ги и приградските зони) и се граничи со општините: Карпош, Чучер - Сандево и Сарај.

Според податоците кои можат да се најдат на веб страната на општината[1] (освежена ноември 2012), структурата на општината по пол, национална структура и образование е следна:

> Општината Ѓорче Петров прави напори за вклучување на родовата компонента во дизајнирањето на програмите и политиките на локално ниво, но има потреба од:
>
> - Обуки на администрацијата и советниците за родовиот концепт и родово одговорно буџетирање
> - Консултации и обуки за подготовка на родово сензитивни програми
> - Воведување на системски пристап за собирање на податоци на локално ниво кој ќе овозможи подготовка на извештаи/анализи и креирање на политики според потребите на одделни целни групи.

**Табела 1** - Структура на население по пол

| Пол | Број на жители | Процент (%) |
|---|---|---|
| **Мажи** | 20.677 | 49.66 |
| **Жени** | 20.957 | 50.34 |
| **Вкупно** | 41.634 | |

Извор: Веб страна на општина Ѓорче Петров

| Националност | Број на жители | Процент (%) |
|---|---|---|
| **Македонци** | 35.455 | 85.16 % |
| **Црби** | 1.730 | 4.16 % |
| **Албанци** | 1597 | 3.84 % |
| **Роми** | 1.249 | 3.00 % |
| **Бошњаци** | 489 | 1.17 % |
| **Турци** | 368 | 0.88 % |
| **Власи** | 109 | 0.26 % |
| **Останати** | 637 | 1.53 % |

[1] Пристапено 10.10.2016
http://www.opstinagpetrov.gov.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=2355&Itemid=174

**Табела 3** - Структура на население според степен на образование

| Степен на образование | Број на жители | Процент (%) |
|---|---|---|
| **Докторат** | 50 | 0.147 % |
| **Магистратура** | 67 | 0.197 % |
| **ВСС** | 2.911 | 8.55 % |
| **ВШС** | 1.231 | 3.62 % |
| **ССС** | 19.461 | 57.18 % |
| **Основно образование** | 7.435 | 21.85 % |
| **Без училиште** | 587 | 1.72 % |
| **Некомплетно основно образование** | 2.264 | 6.65 % |

Извор: Веб страна на општина Ѓорче Петров

Според проценките на Државниот завод за статистика, проценетиот број на население на 30.06.2015 година во Општина **Ѓорче Петров** изнесува 42,379 лица, од кои проценката е дека 20,746 лица се од машки пол (49%) и 21,633 лица се од женски пол (51%).

Подрачјето на Општина Ѓорче Петров е организирано во облици на месна самоуправа. Согласно Законот за локална самоуправа, во градското подрачје тие имаа назив - урбани заедници, а во населените места - месни заедници. На територија на Општина Ѓорче Петров има организирани 9 Месни заедници.

Општина Ѓорче Петров е во втората фаза на фискална децентрализација од 01.09.2007 година кога и започнува втората фаза на децентрализација во Република Македонија со финансирање на пренесените надлежности во општините преку блок дотациите за јавните институции што ги извршуваат надлежностите предвидени во Законот за локална самоуправа во член 22, точка 5, 7, 8 и 9, а тоа се: култура, спорт и рекреација; основно и средно образование; социјална заштита; и примарна здравствена заштита.

## 2. Методологија

Родово одговорното буџетирање подразбира примена на родово заснована проценка на сите нивоа на буџетскиот процес и преструктуирање на приходите и расходите, во правец на промовирање на родовата еднаквост[2].

**Целта на анализата на програмите и буџетите на ЕЛС од родова перспектива** е да се истражи степенот до кој избрани локални програми и буџети ги земаат предвид родовите прашања односно потребите на жените и мажите. Целта ќе се постигне преку развивање на квантитативна и квалитативна родово буџетска анализа на избрана програма на општината што ќе овозможи утврдување на состојбите во

[2] Совет на Европа, група на специјалисти, Родово буџетирање: Концептуална рамка, методологија и претставување на добри практики. http://www.coe.int/t/dghl/standardsetting/equality/03themes/gendermainstreaming/EG-S-GB%282004%29RAPFIN_en.pdf



однос на родовата еднаквост во областа и конципирање на препораки за зголемување на нејзината родова одговорност. Ваквите препораки имаат за цел да придонесат кон остварување на стратешките определби во областа на родовата еднаквост и еднаквите можности и интегрирање на родовата перспектива во главните текови на локално ниво.

Методолошкиот пристап за имплементација на проектните активности ги одредуваат клучните активности кои е потребно да бидат спроведени во наредниот период и тоа како што следува:

### А. Канцелариско истражување:

- Преглед на законските и подзаконските акти и стратешки документи на национално ниво кои предвидуваат обврски за единиците на локална самоуправа;
- Преглед на интерни акти и стратешки документи, политики и процедури за родова еднаквост и родово одговорно буџетирање донесени од страна на општината;
- Длабинска родово буџетска анализа на избрана програма
- Изработка на нацрт родово буџетски анализи во кои ќе бидат детектирани состојбите со родовата еднаквост и конципирани препораки за подобрување на степенот на вклучување на родовата перспектива во планирањето и буџетирањето на избраните програми

### Б. Теренско истражување

Во рамките на теренското истражување ќе се организираат средби/интервјуа со:

- Контакт лицата номинирани од општините
- Координатор/ките на комисиите за еднакви можности
- Раководители на сектори/одделенија
- Советници

Предмет на анализа Општина Ѓорче Петров е програма за Социјална заштита односно:

1. Мажи / жени корисници на социјална помош според Центарот за социјални работи и општината,
2. Критериуми за доделување на социјална помош,
3. Начин на информирање на потенцијалните корисници за можностите
4. Буџет за социјална заштита /помош
5. Влијание на родовата рамноправност (Cost – effectiveness анализа)
6. Препораки

## 3. Институционален контекст и рамка на јавни политики

Еднаквите можности на жените и мажите во Република Македонија се регулирани со Уставот и Законот за еднакви можности меѓу мажите и жените со кој се промовираат и унапредуваат еднаквите можности на жените и мажите. Во 2012 година е донесена Стратегијата на владата за родово одговорно буџетирање (2012-2017). Со овие документи се налага вршење на родово заснована анализа на локално ниво како предуслов при креирањето на политиките и буџетите соодветни на потребите на жените и мажите.

Поврзувањето на прашањето на родова еднаквост и вклученост на родовите перспективи во локалните политики за социјална заштита претставува многу важен сегмент во остварувањето на различните права и потреби на жените и мажите и обезбедувањето на квалитет на живеење. Во таа насока, постигнувањето на родова рамноправност и справувањето со родовите нееднаквости во локалните заедници честопати значи да се препознаат нивните различни потреби и приоритети на мажите и жените и истите да се рефлектираат во локалните политики и буџети.

Социјалната заштита пак е регулирана со Законот за социјална заштита, кој дефинира систем на мерки, активности и политики за спречување и надминување на основните социјални ризици на кои е изложен граѓанинот во текот на животот за намалување на сиромаштијата, социјалната исклученост и за јакнење на неговиот капацитет за сопствена заштита. Врз основа на правата од социјалната заштита, а под услови утврдени со Законот за социјална заштита се преземаат мерки преку кои се остварува: социјална превенција,вон-институционална и институционална заштита и парична помош од социјалната заштита. Системот за социјална заштита се остварува преку основање на установи за социјална заштита, центри за социјална работа, социјални установи за институционална и вон-институционална заштита. Центрите за социјална работа се јавни установи, со јавни овластувања, за вршење на работите од социјалната заштита. Тие се одговорни за администрација на социјалните парични надоместоци и обезбедување на социјални услуги.

Општините, Градот Скопје и општините во Градот Скопје исто така носат програми за задоволување на потребите на граѓаните од областа на социјалната заштита и овие програми треба да бидат во согласност со Националната програма за развој на социјалната заштита. Тие, исто така, во согласност со нивните можности, можат да утврдуваат и други права во областа на социјалната заштита, права во поголем обем од обемот на правата утврдени со Законот за социјална заштита и поповолни услови за нивно остварување, како и други облици на социјална заштита.

Согласно Законот за социјална заштита, општините можат да преземаат мерки преку кои ќе остваруваат социјална превенција, вон-институционална заштита (центри за дневно и привремено прифаќање на ранливите групи корисници вклучувајќи ги и жртвите на семејно насилство, центри за давање помош во домашни услови, советувалишта и мали групни домови), институционална заштита (институции за социјална заштита, освен установа за деца и младинци со воспитно – социјални проблеми и установа за деца и младинци со нарушено поведение), како и да утврдуваат и други права во областа на социјалната заштита.



## 4. Опис на конкретната политика

Во спроведувањето родова проценка на локалните политики / програми и буџети за избраната програма во општината **Ѓорче Петров** се тргнува од прашањето - **дали креираните и спроведени локални политики за социјална заштита ги земаат предвид потребите на жените и мажите и придонесуваат за намалување на родовата нееднаквост на локално ниво**. Поконкретно, се разгледува:

- начинот на функционирање на локалниот механизам за еднакви можности, локалните програми за избраната област, начинот на нивното донесување, односно дали специфичните потреби на одделни целни групи се земаат предвид и како,
- нивното финансирање преку општинскиот буџет за тековната година,
- остварена соработка со други институции при донесување на програмите,
- востановената временска рамка за имплементација на политиките, но и нивната поврзаност со политиките, вклучувајќи ја и родовата политика на национално ниво.
- Воедно, е разгледан и начинот на информирање на целните групи за услугите, односно можностите за користење на услугите од страна на целните групи.

**Програмата за остварување на детската и социјална заштита во Општина Ѓорче Петров за 2016 година**[3], Советот на Општина Ѓорче Петров ја има донесено на 43-тата седница, одржана на ден 09.11.2015 година. Со програмата се врши усогласување на детската и социјалната заштита која општината ја дава согласно нејзините надлежности утврдени во законските и подзаконските акти, а во рамки можностите утврдени во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2016 година, со потребите на граѓаните од подрачјето на Општина Ѓорче Петров.

Програмата за остварување на детската и социјална заштита во Општина Ѓорче Петров за 2016 година, се носи согласно Националната програма за остварување на социјалната заштита, донесена од страна на Владата на РМ. Програмата за остварување на детската и социјална заштита во Општина Ѓорче Петров за 2016 година, има за цел подобрување на пристапот и квалитетот на социјалната заштита и прецизирање на мерките и активностите преку кои општината ќе ја спроведува социјалната заштита, и тоа:

### А. Превентивна заштита

Превентивната заштита ќе се остварува преку:

[3] Врз основа на член 22 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02),а во согласност со член 15 став 1 точка 7 од Законот за град Скопје (Службен Весник на РМ број 55/04), член 3, член 11, член 12 и член 214 став 2 од Законот за социјална заштита („Службен весник на РМ" број 79/09), и член 16 став 1 точка 16 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров број 18/13), Советот на Општина Ѓорче Петров на 43-тата седница, одржана на ден 09.11.2015 година, ја донесе Програмата за остварување на детската и социјална заштита во Општина Ѓорче Петров за 2016 година

- организирање на стручни трибини од областа на социјалната заштита;
- организирање на стручни предавања за заштита од употреба на дрога, алкохол, пушење и други зависности;
- организирање на предавања за заштита од лица кои се занимаваат со трговија на луѓе;
- семејно насилство;
- подигање на свеста кај граѓаните за недискриминација на лицата од сите категории на инвалидност, прифаќање во семејството, средината и пошироката околина, помош и поддршка на истите;
- здравствено воспитување и слично.

Мерките и активностите ќе бидат реализирани со невладини организации избрани со Јавен повик.

### Б. Парична помош и обезбедување посебни мерки и услуги

**Паричната помош и обезбедување** на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита за следните категории на лица, согласно можностите и во рамки на расположливите средства во Буџетот на Општината за 2016 година:

- еднократна парична помош за лица за кое е потребна хируршка интервенција во странство, тешко болни лица и приматели на терапија, кои не се во можност финансиски да ги покријат трошоците за лекување;
- самохрани родители;
- децата без родители и родителска грижа;
- еднократна помош на поединец или семејство кое се нашло во положба на природна непогода (земјотрес, поплава пожар);
- еднократна парична помош за лица корисници на минимална социјална помош;
- еднократна парична помош за лица со телесно оштетување или пречки во развојот.

### В. Детската заштита

Детската заштита се однесува на развивање и унапредување на методологијата на работење на Јавната установа општинска детска градинка Росица. Реализацијата и следењето на активностите од Програмата ќе се одвива преку Одделението за јавни дејности. Субјектите кои ќе ги организираат активностите и ќе вршат обуки ќе бидат избрани преку распишан конкурс од страна на Општина Ѓорче Петров.

**Табела 4** – Проекција на буџетот на општината за 2016 година

| | |
|---|---|
| **Вкупно приходи** | **500.994.000** |
| **Вкупно расходи** | **543.369.950** |

Дефицитот од **-42.375.950 ќе се покрие од домашни задолжувања**.



**Табела 5** - Потребни парични средства за реализација на предвидените активности (во денари)

| Програма | Потребна сума за реализација на програмата | Процентуален износ во однос на вкупниот буџет на општината |
|---|---|---|
| **А. Превентивна заштита** | 100.000 | 0.02 % |
| **Б. Парична помош и обезбедување на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита** | 700.000 | 0.13 % |
| **В. Детската заштита** | 125.000 | 0.02 % |
| **Вкупно** | **925.000** | **0.17 %** |

Во вкупниот буџет на општината, Програмата за остварување на детската и социјална заштита во Општина Ѓорче Петров за 2016 година учествува со 0,17%. што само по себе укажува на потребата дека во наредниот период општината треба да преземе и утврди дополнителни активности кои ќе бидат пропратени со соодветни финансиски средства.

Од предвидените средства за реализација на Програмата за остварување на детската и социјална заштита во Општина Ѓорче Петров за 2016 година, најголема ставка во износ од 700.000 ден. (75,67% од целата програма) се однесува на Парична помош и обезбедување на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита.

## 5. Опфат, корисници, чинители

Социјалната политика е еден од клучните сегменти преку кој се покажува сензитивноста на државата и локалната заедница кон специфичните потреби на граѓаните. Низ неа се исполнуваат елементарните потреби, но воедно се создава и амбиент за излез, односно надминување на постојната состојба во која се наоѓа граѓанинот. Постојните податоци за корисниците на различните услуги кои им се достапни на граѓаните (како оние од ДЗС или Заводот за социјални дејности), претставува јасен индикатор за различните проблеми со кои тие се соочуваат.

Поврзувањето на прашањето на родова еднаквост и вклученоста на родовите перспективи во главните текови на животот во локалните заедници претставува многу важен сегмент во остварувањето на социјалните права и различните потреби на жените и мажите.

На веб страната на Заводот за статистика, нема податоци за корисници на социјална помош по општини, туку по региони, како што е дадено подолу. Последните податоци се однесуваат на 2014 година[4].

[4] http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__SosijalnaStat__SocijalnaZastita/175_SocZas_reg_KorSocParPom_mk.px/table/tableViewLayout2/?rxid=7401282d-cc0b-4993-9ab6-735bfd81410a

**Табела 6** - Корисници на социјална парична помош, по пол, по региони, во 2014 година

| | Носител на домаќинството (број на домаќинства) | | | Членови на домаќинството (заедно со носител) | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Жени | Мажи | Вкупно | Жени | Мажи |
| **Р. Македонија** | 34.507 | 8.947 (**25.93**%) | 25.560 (**74.07**%) | 128.679 | 60.352 (**46.90**%) | 68.327 (**53.10**%) |
| **Скопски** | 8.686 | 2.543 (**29.98**%) | 6.143 (**70.72**%) | 42.319 | 19.301 (**45.61**%) | 23.018 (**54.39**%) |

Извор: Државен завод за статистика

Податоците покажуваат дека во Скопскиот регион, соодносот мажи /жени носители на домаќинство е 2,4 што го потврдува родовиот стереотип во однос на „главата" на домаќинството.

## 6. Буџетска анализа

Од извештајот за реализација на програмата на Општина Ѓорче Петров во областа на социјална, детска и здравствена заштита во 2016 год. заклучно со 30.09.2016 год. реализирани се следните активности:

**Табела 7** - Активности кои се споменуваат во извештајот но се покриени од други ставки во буџетот

| Активност | Сума | Забелешка |
|---|---|---|
| Доделување на еднократна парична помош на 20 социјално загрозени лица по повод Новата 2016 година врз основа на утврдена евидентна листа како најзагрозена категорија на лица кои се наоѓаат во социјален ризик , за секое лице по 3.000,00 денари | **60.000** | Не е во програмата за социјална заштита, исплатено од програма ДО - Градоначалник, позиција 471160 |
| Манифестација за одбележување на меѓународниот дена на правата на жената при што се доделени 3 награди за 3 есеја и 3 цртежи за децата од прво до деветто одделение од сите основни училишта во Општина Ѓорче Петров | **10.031** | За наградите на учениците исплатени средства во износ од 5.045 ден. од програма ЕО Општинска администрација позиција 423910 - други материјали за специјални намени.<br>За печатење на дипломи и пофалници исплатени се 4.986 ден. од Програма ЕО Општинска администрација позиција 425920 за услуги за копирање и печатење и издавање. |
| **Еднократен паричен надомест за новороденчиња** | **1.166.756** | Поднесени и одобрени се вкупно 206 барања за доделување на еднократна парична помош на семејства со новороденче родено на подрачјето на Општина Ѓорче Петров.<br>За едно родено дете се поднесени и одобрени 202 барања, а за близнаци се поднесени и одобрени 4 барања. |
| **ВКУПНО** | **1.236.787** | 0,23% во однос на вкупниот проектиран буџет за 2016 година. |

**Табела 8** - Реализација на активности кои се споменуваат во програмата:

| Активност | Износ | Забелешка |
|---|---|---|
| Еднократна парична помош, поддршка или материјални добра | **557.000** | Поднесени се и одобрени вкупно 91 барање при што се исплатени вкупно 557.000,00 денари и за едно лице - дете без родители и родителска грижа исплатен е износ од 54.000,00 денари. Средствата се исплатени од позиција 471160- ДО – Еднократна парична помош |



Од горенаведеното произлегува дека во општината за 2.1 пати повеќе средства се исплатени за реализација на активности кои официјално не се ставки на програмата за Социјална заштита (како помош за новороденче и сл.). Во однос на еднократната парична помош, распределбата по пол и старосна граница е дадена во табелата подолу.

**Табела 9** - Еднократна парична помош - распределбата по пол и старосна граница

| Пол | бр. на одобренија | Старосна граница | Исплатена сума нето | Сума бруто | средна вредност (нето) | средна вредност (бруто) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **женски** | 8 | 19-30 | 57.000,00 | 63.336,00 | 7.125,00 | 7.917,00 |
| **женски** | **12** | 31-40 | 84.000,00 | 93.335,00 | 7.000,00 | 7.777,92 |
| **женски** | **13** | 41-50 | 60.000,00 | 66.668,00 | 4.615,38 | 5.128,31 |
| **женски** | **14** | 51-60 | 99.000,00 | 110.002,00 | 7.071,43 | 7.857,29 |
| **женски** | 5 | 61-70 | 25.000,00 | 27.780,00 | 5.000,00 | 5.556,00 |
| **женски** | 2 | 71-90 | 6.000,00 | 6.666,00 | 3.000,00 | 3.333,00 |
| **Вкупно** | **54*** | | **331.000,00** | **367.787,00** | **6.129,63** | **6.810,87** |
| **машки** | 1 | 19-30 | 5.000,00 | 5.556,00 | 5.000,00 | 5.556,00 |
| **машки** | 8 | 31-40 | 37.000,00 | 41.113,00 | 4.625,00 | 5.139,13 |
| **машки** | **11** | 41-50 | 56.000,00 | 62.225,00 | 5.090,91 | 5.656,82 |
| **машки** | 8 | 51-60 | 36.000,00 | 40.002,00 | 4.500,00 | 5.000,25 |
| **машки** | **10** | 61-70 | 72.000,00 | 80.002,00 | 7.200,00 | 8.000,20 |
| **машки** | 4 | 71-90 | 28.000,00 | 31.112,00 | 7.000,00 | 7.778,00 |
| **Вкупно** | **42**** | | **234.000,00** | **260.010,00** | **5.574,43** | **6.190,71** |

* Одобрени се 54 барања од 50 жени (4 жени два пати имаат поднесено и добиено помош)
** Одобрени се 42 барања, на 38 мажи (на четворица мажи доделени се средства двапати, по две барања)

Од прикажаните податоци, бројот на поднесени и одобрени барања од жени (54) е поголем во однос на поднесените и одобрени средства за мажите (42) при што и средната вредност на исплатените средства за жените (6.129,63 ден. нето) е поголема од средната вредност на средствата исплатени на мажите (5.571,43 ден. нето). Од податоците, најранлива категорија на жени кои поднеле барање е таа помеѓу 31-60 годишна возраст, додека кај мажите распределбата е порамномерна низ сите возрасни групи.

Потребни се дополнителни испитувања за да може да се одговори на прашањето за каков вид на потреби аплицираат жените, а за што мажите, како и за тоа кој е носител на барањата за помош на лекување на деца, мајката или таткото.

Планираните средствата во програмата за Социјална заштита за 2017 година во буџетот на општина Ѓорче Петров наменети за еднократна парична помош се во истиот износ како и за 2016 година, односно 700.000,00 денари.

Врз основа на разгледаните документи како што се Програма за остварување на детска и социјална заштита во општина Ѓорче Петров за 2015, 2016 и 2017 година; Буџет на општина Ѓорче Петров за 2015 и 2016 година; Правилникот за начинот на доделување и користење на средства за парична помош, поддршка или материјални добра на физички лица[5];

[5] Правилникот е усвоен од страна на Советот на Општина Ѓорче Петров на 48-мата седница на ден 30.01.2012 врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.05/02) и член 24 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Скопје (Службен Гласник на Град Скопје бр. 07/05).

како и врз основа на одржаните консултации со координаторот за еднакви можности помеѓу жените и мажите, и Советниците, констатирани се следните наоди во однос на подготовката и реализацијата на програмата:

1. Општината нема посебно одделение за социјална заштита и сите активности во врска со обврските на општината за мерки и активности од социјалната заштита, се реализираат од одделението за јавни дејности. Програмата и средствата за социјална заштита за 2016 година се утврдени според програмите од претходните години.
2. Координаторот за еднакви можности е воедно и лице задолжено за подготовка на програмата за Социјална заштита.
3. Во описот на Програмата за остварување на детската и социјална заштита во Општина Ѓорче Петров за 2016 година се споменува дека со програмата се врши усогласување на детската и социјалната заштита која општината ја дава согласно нејзините надлежности со потребите на граѓаните од подрачјето на Општина Ѓорче Петров, но не се опишува и пристапот кој го користат за усогласување на потребите со граѓаните, односно не е опишано како е направена проценка на потребите и приоритетите на различни групи според пол, според возраст, според етничка припадност. Исто така не е направена ниту проценка на поодделното влијание на активностите врз жените и мажите.
4. Во описниот дел на програмата се наведува дека програмата е усогласена со буџетот и се носи согласно Националната програма за остварување на социјалната заштита, но не се споменува Законот за еднакви можности, ниту пак дали и како програмата ќе придонесе за реализација на специфичните потреби на жените и мажите и унапредување на родовата рамноправност.
5. Во описот на програмата и подпрогамите не се споменува бројот на корисници ниту како кумулативна бројка ниту разделени по пол.
6. Во Правилникот за начинот на доделување и користење на средства за парична помош, поддршка или материјални добра на физички лица, нема предвиден временски рок за кој треба да се одговори на лицето кое поднело барање за парична помош. Дополнително, и покрај тоа што дел од потребната документација може да се добие по службена должност во соработка со различни институции (како на пример Центар за социјални работи, Матична служба, Агенција за вработување и сл.), во правилникот стојат како потребна документација која треба да ја приложи барателот.
7. Во програмата **нема планирани активности за поддршка на пензионери и повозрасни лица** иако на територијата на општина Ѓорче Петров нема јавни домови за возрасни лица. Има просторија за пензионери во подрачната служба на Фондот за пензиско осигурување, но пензионерите сами се организираат и снаоѓаат.
8. Во програмата за 2016 година нема посебни активности за поддршка и на други ранливи категории како на пример, жртви на семејно насилство.
9. И покрај тоа што во самата програма за 2016 година не се споменува еднократен паричен надомест за новороденчиња, во извештајот за реализација на програмата, истото се споменува без да се објасни од која ставка се средствата наменети за таа намена.
10. Програмата не е директно поврзана со буџетот на општината, односно ниту во програмата се наведува под која буџетска ставка може да се видат средствата ниту пак во буџетот нема посебен дел кој се однесува на активности во програмата.
11. Не е предвидено (само)оценување на ефектите од спроведените активности на Програмата за остварување на детската и социјална заштита во Општина Ѓорче Петров.
12. Буџетот на општината нема наративен дел каде се опишуваат сите програми, нивната корелација со усвоените локални стратегии или планови, како и корелацијата помеѓу програмите и буџетот.
13. На веб страната на општината нема посебен дел кој може да се следи реализацијата на буџетот на општината како и на Програмата за остварување на детската и социјална заштита во Општина Ѓорче Петров.
14. На веб страната на општината нема посебен дел кој се однесува на еднаквите можности на мажите и жените, ниту пак на Комисијата за еднакви можности меѓу жените и мажите.
15. Општината има назначено посебно лице за ажурирање на податоците на веб страната, но и покрај тоа, веб страната на општината не се ажурира редовно.
16. Општината во текот на 2016 година, има воведено евидентирање, односно креирање на база на податоци за корисниците на услугите, разделени по пол.
17. Комисијата за еднакви можности има акциски план за работа за 2016 година со сопствен буџет од 137.000 ден. каде една од активностите е и Обуки за родова интеграција на вработените и советот на ОЃП.
18. Општината е вклучена во „Промоција на родово одговорни политики во Југоисточна Европа и Република Молдавија (2013-2016)„ на UN Women, но им недостасуваат конкретни обуки за подготовка на родово сензитивни програми во сите полиња на делување на општината.

## 7. Добри примери и практики

Како позитивен пример за вклучување на повозрасните лица во програмите за социјална заштита кои сега ги нема како категорија во програмата за социјална заштита во на општина Ѓорче Петров, го препорачуваме примерот со општина Центар. Во нивната програма за 2016 година, има две активности кои се однесуваат на постарите лица кои се околу 20% од населението на општина Центар:

- Подобрување на квалитетот на живот на повозрасните лица и нивно интегрирање во општествениот живот, со буџет од 700.000 ден.
- Отворање сервис за стари лица, со буџет од 4.000.000 ден.

И покрај тоа што во описот на дадените активности, посебно на првата активност каде целта е да се отворат пензионерски катчиња, не е наведено влијанието на политиките врз различните потреби на жените и мажите од оваа старосна група на граѓани, сепак, општината ги

препознала и постарите како ранлива категорија на која им треба некаква поддршка и помош. За втората активност, општина Центар прави напори да ги анимира и другите ранливи групи во активностите со тоа што за сервисот за стари лица ќе обучи 15 жени жртви на семејно насилство.

## 8. Заклучок и препораки

Од контактите остварени со одговорните лица во општината, евидентно е дека општината Ѓорче Петров прави напори за вклучување на родовата компонента во дизајнирањето на програми и политики на локално ниво согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите. Општината е вклучена во проектот „Промоција на родово одговорни политики во Југоисточна Европа и Република Молдавија (2013-2016)„ на UN Women преку кој се воведуваат новини во работењето на општината, односно се воведува креирање на родово сензитивни програми.

Препораките од експертскиот тим за подобрување на родово одговорното буџетирање се добиени и во консултација со Координаторката за еднакви можности која воедно е дел од одделението за Јавни дејности во чија надлежност е подготовка и надзор на реализација на програмата за Социјална заштита на локално ниво.

### Препораки до градоначалникот и Советот

- Да се воведе системски пристап за собирање на податоци на локално ниво кој ќе овозможи подготовка на извештаи/анализи и креирање на политики според потребите на одделни целни групи. Како на пример: број на лица кои се обраќаат до општината евидентирани по пол и евентуално возраст, за која област или проблеми се обраќаат, колку се одбиени и поради што, за колку барања се реагирало итн.
- Со воведување на ИСО стандардот за квалитет на процеси би требало да се пропишат сите процеси кои ќе овозможат квалитет на услугите на локално ниво, така да за подготовката на програмите може да се предвиди посебна постапка (во согласност со Законот за буџети, но и со Законот за еднакви можности) која ќе вклучува и анализа на засегнатите страни односно корисниците на програмите. Инкорпорирање на програмата на Комисијата за еднакви можности во другите тековни програми на општината место посебен буџет за активностите на Комисијата која е политичко тело.
- Комисијата за еднакви можности на жените и мажите да се вклучи со свои предлози за примена на родовиот концепт во сите области на работата на општината, со што би се придонело кон надминување на родовиот јаз во буџетирањето, а со тоа и во влијанието на политиките на еднаквите можности на жените и мажите.
- Во насока на транспарентноста и отчетноста на општината, како и видливост на напорите за креирање и имплементација на родово-сензитивни програми, да се изврши рекомпонирање на веб страната на општината каде би се објавувале тековните стратегии, програми и извештаи, како и вградување на дополнителен таб кој би се



однесувал и би содржел податоци за иницијативи и програми за остварување на родовата рамноправност, односно за еднаквите можности на жените и мажите на локално ниво. Ова бара и координација и соработка со сите одделенија во општината.

Препораки во однос на Правилникот за начинот на доделување и користење на средства за парична помош, поддршка или материјални добра на физички лица:

Имајќи предвид дека барање за помош од општината се поднесуваат во последен момент кога лицата не можат да најдат друг начин за обезбедување на потребните средства, а во насока да им се излезе во пресрет на лицата кои имаат потреба од помош и да се избегнат дополнителните трошоци и време за обезбедување на документите, Правилникот треба да се ревидира и да се предвиди:

- Рок во кој ќе се одговори на барањата
- Да се обезбеди фотокопирање на документите во самата општина
- Усогласување на Правилникот на општината со Правилникот на Министерството за труд и социјална политика начинот на признавање на приходите за лицата кои примаат социјална парична помош за да не се изгубат правата кои ги имаат бидејќи средствата од страна на општината се префрлаат на трансакциска сметка на барателите.
- Документите кои можат да се обезбедат по службена должност, доколку граѓанинот го нема обезбедено во време на аплицирање, да се обезбедат преку соработка на институциите за да се избегнат дополнителните трошоци и времето потребно за издавање на одредени потврди (до 15 работни дена). На овој начин трошоците кои би ги имале граѓаните во висина од минимум 150-900 денари, ќе се намалат (на пример: една автобуска карта е 35,00 денари, заверка на документ на Нотар е минимум 150,00 денари, фотокопирање на документи по страна е 5-10 денари и сл.).

Документација која може да се обезбеди по службена должност:

- извод од матична книга на умрените (доколку брачниот другар е починат);
- доказ дека бракот е разведен;
- потврда за месечни примања (доколку лицето е вработено) односно потврда за невработеност;
- потврда од центар за социјална работа, доколку е корисник на социјална помош;
- потврда издадена од центарот за социјални работи дека лицето е без родители односно родителска грижа;
- доказ за старателство на лицето на кое му е доделено старателство (доколку лицето е малолетно);
- записник од утврдената состојба издаден од овластена институција при барања за помош на поединец или семејство кое се нашло во положба на природна непогода (земјотрес, поплава, пожар и др.)

- Да се обезбеди урнек Барање за еднократна помош и урнек Изјава дека живее сам и детето е вонбрачно (при барање од самохрани родители) кои ќе бидат достапни за сите баратели и во општината и на веб страната на општината

Препораки за подобрување на процесот на креирање и следење на програмата за социјална заштита

- Во програмите да се додадат податоци за  број на потенцијални корисници,  анализа на влијанието на активностите врз родовата рамноправност, корелација со други програми како и начините за мониторинг и евалуација на ефектите од реализација на програмите.
- Прогресивно внесување и на други целни групи во програмата за социјална заштита, како на пример активности за заштита на жртви на семејно насилство, актиности за помош и поддршка на стари лица или пак дневни центри за лица со посебни потреби и сл.
- Во делот на следењето на реализацијата на спроведените активности, би требало да се изработи посебен Извештај кој од родов аспект би опфатил податоци за корисниците на програмите разделени по пол, но и по други показатели (вработеност, степен на образование и сл.)  кои можат да имаат влијание на мерењето на ефектите од програмата врз жените и мажите или пак можат да бидат искористени во подоцнежни планирања на политики во надлежност на општината за постигнување на родова еднаквост во сите сфери на живеење.
- Да се воспостави систем на комуникација и размена на податоци како и иницирање на заеднички активности со други владини и невладини институции и организации на подрачјето на општината како Здравствен дом (на пример за предавање за менструална хигиена), со Центарот за социјални работи на град Скопје (на пример за права и обврски од социјалната заштита, пријавување на домашното насилство итн.), со Агенцијата за вработување (на пример: промоција на активните мерки за вработување, предности од редовното пријавување во заводот за вработување и сл.) итн.

Дополнително, за подобро разбирање и воведување на  родово одговорно буџетирање, потребни се и дополнителни обуки како на пример:

- Обука на целата администрација вклучувајќи ги и техничките служби и советниците  за концептот на родова рамноправност и родово одговорно буџетирање. Со оваа мерка ќе се овозможи целосна имплементација на родовиот концепт и ќе се поврзат напорите на сите вработени за обезбедување на еднаквите можности за сите граѓани (на пример, при планирањето на реконструкција на локална патна мрежа да се обезбеди прво безбедно преминување на пешаци, деца и лица со посебни потреби, па потоа да се  реконструираат улиците и сл.).
- Конкретна обука и менторство за подготовка на родово сензитивни програми кои би имале и посебни делови кои се однесуваат на влијанието на програмите врз мажите и жените.
- Обуки за подготовка на анализи, односно за оценување на влијанието на одделни програми за поттикнување на родовата рамноправност.



## 9. Литература


- Закон за спречување и заштита од дискриминација Службен весник на РМ бр. 50 од 13.04.2010
- Закон за еднакви можности на жените и мажите Службен весник на РМ бр. 6 од 13.01.2012 год.
- Совет на Европа, група на специјалисти, Родово буџетирање: Концептуална рамка, методологија и претставување на добри практики. http://www.coe.int/t/dghl/standardsetting/equality/03themes/gendermainstreaming/EG-S-GB%282004%29RAPFIN_en.pdf
- Стратегија за воведување на родово одговорно буџетирање во Република Македонија 2012- 2017 http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/Strategija_ budzetiranje.doc
- Council of Europe. Convention on Preventing and Combating Violence against Women and Domestic Violence (CAHVIO), Explanatory Report, CETS No.: 210. Council of Europe https://www.unifr.ch/ddp1/derechopenal/legislacion/l_20110807_03.pdf


## 10. Анекси

Прашалник/разговорник за собирање на информации на локално ниво за процесот на подготовка, мониторинг на реализација и евалуација на програми од родов аспект. Прашалникот е испратен до Координаторката за еднакви можности и е достапен во архивата на авторите на истражувањето.